ЈПКД „БРЕГАЛНИЦА" Д.Ф.
бр. 0202-493/2
23.11.2018

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл.весник на Р.М бр. 63/2017), член 19 од Законот за јавни претпријатија, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл.весник на Р.М бр. 63/2017), Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Брегалница-Делчево за регулиран период 2019-2021 година под бр. УП1.бр. 08-76/18 од 02.11.2018 година, и член 16 од Статутот на ЈПКД Брегалница-Делчево, Управниот Одбор на ЈПКД Брегалница-Делчево на седницата одржана на ден 23.11.2018 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Брегалница-Делчево за регулиран период 2019-2021 година**

**Член 1**

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Брегалница-Делчево за **домаќинствата** за регулиран период 2019-2021 година, и тоа:

-За **2019** година тарифата изнесува **28.98 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2020** година тарифата изнесува **29.10 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2021** година тарифата изнесува **30.22 денари/м3** (без ДДВ)

**Член 2**

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Брегалница-Делчево за **правни лица** за регулиран период 2019-2021 година, и тоа:

-За **2019** година тарифата изнесува **51.07 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2020** година тарифата изнесува **50.12 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2021** година тарифата изнесува **50.84 денари/м3** (без ДДВ)

**Член 3**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи член.1 точка 1 од Одлуката за утврдување на висината на цените за комуналните услуги на Управниот Одбор на ЈПКД Брегалница-Делчево број 0202-304/3 од 16.12.2009 год.

**Член 4**

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Делчево.

Управен Одбор
Претседател
Ленче Ѓорѓиева